Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 22, точка 4 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр.16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15,192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16), член 26 од Правилникот за цени на топлинска енергија и системски услуги („Службен весник на РМ“ бр. 28/13, 32/15, 126/15 и 112/16), постапувајќи по барањето УП1 бр. 08-77/17 од 30.05.2017 година, на Друштвото за снабдување со пареа и топла вода СКОПЈЕ СЕВЕР АД – Скопје на седницата одржана на 31 јули 2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на регулиран максимален приход за дејностите производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија и тарифни ставови за 2017 година**
**на Друштво за снабдување со пареа и топла вода СКОПЈЕ СЕВЕР АД - Скопје**

1. На Друштвото за снабдување со пареа и топла вода СКОПЈЕ СЕВЕР АД – Скопје, се одобрува регулиран максимален приход за производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија за греење за 2017 година, да изнесува 38.317.119 денари, за произведена количина на топлинска енергија од 9.947.006 kWh на ниво на производител и испорачана количина на топлинска енергија од 8.753.366 kWh, на ниво на мерно место.

2. Врз основа на одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука, тарифните ставови за период од 1 август 2017 година се утврдуваат да изнесуваат:

| **Ред.бр**. | **ТАРИФНИ СТАВОВИ** | **Единица мерка** | **Цена од 01.08.2017** |
|---|---|---|---|
| | **КАТЕГОРИЈА ДОМАЌИНСТВА** | | |
| 1. | Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место | ден/kW/година | 1.001,6049 |
| 2. | Топлинска енергија на ниво на мерно место | ден/kWh | 2,2148 |
| | **КАТЕГОРИЈА ОСТАНАТИ** | | |
| 1. | Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место | ден/kW/година | 1.908,2577 |
| 2. | Топлинска енергија на ниво на мерно место | ден/kWh | 4,2196 |

3. Жалбата изјавена против оваа Одлука, не го одлага нејзиното извршување.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 август 2017 година.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Друштвото за снабдување со пареа и топла вода СКОПЈЕ СЕВЕР АД - Скопје (во понатамошниот текст СКОПЈЕ СЕВЕР АД – Скопје), согласно член 21 од Правилникот за цени на топлинска енергија и системски услуги („Службен весник на РМ“ бр. бр.28/13, 32/15,126/15 и 112/16) (во понатамошниот текст: Правилник), до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) со допис бр. 01-63/1 од 30.05.2017 година, заверен во архивата на Регулаторна комисија за енергетика со УП1 бр.08-77/17 од 31.05.2017 година, достави Барање за одобрување на максимален приход за регулирани дејности производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија за 2017 година.

Со барањето, СКОПЈЕ СЕВЕР АД - Скопје ја достави следната документација:

1. Тековна состојба на правното лице од единствениот трговски регистар и Статутот на Друштвото;
2. Годишна сметка и ревизорски извештај за 2016 година;
3. Бруто биланс за 2016 година и бруто биланс заклучно со 30.04.2017 година и листа со број на вработени заклучно со платата за месец април;
4. Пополнети табели од Прилог 4 од Правилникот, како и помошни табели во тврда копија;
5. Пополнети табели од Прилог 4 од Правилникот, како и помошни табели во електронска форма на ЦД;
6. Копија од фактури за природен гас за период октомври-декември 2016 и јануари-април 2017 како и фактури за балансирање;
7. Одлука на Управниот одбор бр. 02-62/1 од 29.05.2017 година за барање за одобрување на цена;
8. Изјава за веродостојност на поднесените податоци;
9. Целина 1 – Табели од Прилог 4 за дејноста производство на топлинска енергија со помошни табели;
10. Целина 2 – Табели од Прилог 4 за дејноста дистрибуција на топлинска енергија со помошни табели;
11. Целина – Табели од Прилог 4 за дејноста снабдување со топлинска енергија со помошни табели;
12. ЦД со податоци.

Регулаторната комисија за енергетика, согласно член 23 од Правилникот за цени на топлинска енергија и системски услуги („Службен весник на РМ“ бр. 28/13, 32/15, 126/15 и 112/16) на 17.06.2017 година го објави известувањето во врска со Барањето за одобрување на цена на топлинска енергија на СКОПЈЕ СЕВЕР АД - Скопје на веб страната на Регулаторната комисија за енергетика, како и во дневните весници „Вечер“ и „Коха“.

По објавеното известување, во рокот утврден во Известувањето до Регулаторната комисија за енергетика не беа доставени мислења и предлози од страна на заинтересирани правни и физички лица.

Врз основа на претходно наведеното, а во согласност со Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика со Решение број 02-1315/1 од 26.07.2017 година свика подготвителна седница на 28.07.2017 година на која предмет на разгледување беше „Предлог-Одлука за утврдување на регулиран максимален приход за производство на топлинска енергија за греење, надоместок за системски услуги и системска резерва и тарифен став за произведена топлинска енергија за 2017 година на ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје.

На 28.07.2017 година се одржа подготвителна седница. На подготвителната седница беа поканети: членовите на Регулаторната комисија за енергетика, претставници од ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, ТЕ-ТО АД Скопје, претставник од Кабинетот на Заменик Претседателот на Влада на РМ задолжен за економски прашања, претставник од АД ЕЛЕМ Скопје, претставник од АД ЕЛЕМ - Подружница Енергетика Скопје, претставник од Скопје Север АД Скопје, претставник од КОГЕЛ Стил ДОО Скопје, Градоначалник на Град Скопје, Градоначалник на Општина Гази Баба, Градоначалник на Општина Чаир, Градоначалник на Општина Бутел, претставник од Министерство за економија, претставник од Комисијата за заштита на конкуренција, претставник од Стопанска комора на Македонија, претставник од Сојуз на стопански комори на Македонија, претставник од Организција на потрошувачи на Македонија како и претставник од Советот за заштита на потрошувачите на РМ.

На подготвителната седница покрај членовите на Регулаторната комисија за енергетика, присуствуваа претставници на ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА

БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, ТЕ-ТО АД Скопје, претставник од Кабинетот на Заменик Претседателот на Влада на РМ задолжен за економски прашања, претставник од АД ЕЛЕМ - Подружница Енергетика Скопје, претставник од Скопје Север АД Скопје, претставник од Министерство за економија и претставник од Стопанската комора на Македонија.

**Доставени податоци**

Во доставеното барање СКОПЈЕ СЕВЕР АД - Скопје бара регулираниот максимален приход да изнесува 50.215.509 денари за произведена количина на топлинска енергија од 9.735.000 kWh на ниво на производител и испорачана топлинска енергија од 8.334.000 kWh на ниво на мерно место.

Во следната табела даден е преглед на трошоците (нормализираните трошоци, амортизацијата и трошоците за гориво) и регулираниот максимален приход за 2017 година, кои СКОПЈЕ СЕВЕР АД - Скопје ги презентира во барањето:

| | **Нормализирани трошоци** | **18.749.278** |
|---|---|---|
| 1 | Трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар | 2.695.909 |
| 2 | Трошоци за тековно одржување, ремонт и услуги за одржување | 961.763 |
| 3 | Трошоци за осигурување на градежни објекти и опрема | 188.777 |
| 4 | Бруто плати | 9.454.530 |
| 5 | Менаџерски плати и менаџерски награди | 804.149 |
| 6 | Други услуги | 2.988.673 |
| 7 | Останати и вонредни трошоци | 1.628.965 |
| 8 | Пренесени трошоци | 26.512 |
| **9** | **Амортизација** | **4.808.815** |
| **I** | **Вкупно Оперативни трошоци** | **23.558.093** |
| **II** | **Трошоци за гориво** | **18.672.563** |
| **III** | **Вкупно трошоци** | **42.230656** |
| **IV** | **МАРЖА** | **7.984.852** |
| **V** | **Принос на капитал - RA** | **5.167.814** |
| | **Просечен RAB** | **75.997.261** |
| | **WACC %** | **6,80%** |
| **VI** | **Регулиран максимален приход - MAR** | **50.215.509** |

**Анализа на Регулаторната комисија за енергетика**

Регулаторната комисија за енергетика во согласност со член 23, став 3 од Правилникот отпочна постапка и изврши анализа на доставените податоци и информации за цена за СКОПЈЕ СЕВЕР АД - Скопје со која се остварува регулираниот максимален приход за дејностите производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија за 2017 година, врз основа на што ја изготви оваа Одлука.

При анализата на доставените податоци за 2017 година, Регулаторната комисија за енергетика го утврди следното:

1. Трошоците за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар изнесуваат 2.730.956 денари и се пресметани врз основа на остварените трошоци во 2016 година зголемени за предвидениот износ на инфлација во 2016 година од 1,3% ;
2. Трошоците за тековно одржување се пресметани во висина од 25% од вредноста на годишната амортизација на средствата и изнесуваат 480.881 денари;
3. Трошоците за осигурување се прифатени согласно податоците од бруто билансот и од Прилог 4, во вредност од 188.777 денари;
4. Трошоците за бруто плати се пресметани согласно методологијата за 17 вработени, со просечна бруто плата од тековната година, зголемена за 40%, и изнесуваат 9.454.217 денари;
5. Вредноста на менаџерските плати и награди се прифатени согласно податоците од барањето и истите изнесуваат 804.149 денари;
6. Другите услуги се пресметани според просечното учество во трошоците за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар и изнесуваат 2.719.213 денари;
7. Трошоците од категоријата останати и вонредни трошоци се пресметани во висина од 10% од позициите 1, 2, 3, 4 и 6 и изнесуваат 1.557.404 денари;
8. Пренесени трошоци се прифатени како во барањето во износ од 26.512 денари.
9. Трошокот за амортизација за 2017 година се признава 40% од вкупната годишна амортизација во износ од 1.923.526 денари.

Оперативните трошоци за дејностите производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија на СКОПЈЕ СЕВЕР АД - Скопје за 2017 година кои ги одразуваат нормализираните трошоци по дејности се презентирани во Табела 1 и изнесуваат 17.935.614 денари, а вкупно со амортизацијата изнесуваат 19.885.652 денари. (Прилог Табела 1 – Преглед на трошоци и приходи за 2017 година).

Во периодот јануари – април 2017 година, СКОПЈЕ СЕВЕР АД - Скопје како погонско гориво користи природен гас. Потрошената количина на природен гас за производство на топлинска енергија за греење во периодот јануари - април 2017 година изнесува 660.914 nm³, со вкупна набавна вредност од 10.654.335 денари. Во истиот период вкупно произведената количина на топлинска енергија за греење изнесува 6.008.000 kWh. (Прилог Табела 2 – Остварена и планирана количина на топлинска енергија и трошок за набавка на гориво за период јануари - декември 2017).

СКОПЈЕ СЕВЕР АД - Скопје во грејниот период октомври – декември 2017 година ќе користи како погонско гориво природен гас за производство на топлинска енергија за греење. Прогнозираната количина на природен гас кој ќе се потроши во истиот период е пресметано да изнесува 444.408 nm³, при што прогнозираната цена за набавка на природниот гас е 17,5000 ден/nm³, односно прогнозираниот трошок за набавка на природниот гас изнесува 7.777.132 денари. Во истиот период вкупната количина на топлинска енергија за греење која треба да се произведе изнесува 3.939.006 kWh. (Прилог Табела 2 - Остварена и планирана количина на топлинска енергија и трошок за набавка на гориво за период јануари-декември 2017)

Согласно наведеното, трошоците за набавка на гориво за производство на топлинска енергија за 2017 година изнесуваат 18.431.467 денари, за вкупна количина на природен гас од 1.105.322 nm³.

По извршената анализа регулираниот максимален приход за 2017 година на СКОПЈЕ СЕВЕР АД – Скопје се одобрува во износ од 38.317.119 денари.

Имајќи го во предвид напред наведеното, Регулаторната комисија за енергетика одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**<u>ПРАВНА ПОУКА</u>**: Против оваа Одлука незадоволната страна, согласно член 31 од Законот за енергетика, може да изјави жалба до Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката, во рок од 15 дена од денот на нејзиното објавување во Службен весник на Република Македонија.

**УП1 Бр.08-77/17**
**31.07.2017 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Скопје** **Димитар Петров**

Прилози:
- Табела 1 - Преглед на трошоци и приходи за 2017 година.
- Табела 2 - Остварена и планирана количина на топлинска енергија и трошок за набавка на гориво за период јануари-декември 2017 година.

## СКОПЈЕ СЕВЕР АД - СКОПЈЕ

**Преглед на трошоци и приходи за 2017 година**

**Табела 1**

| Р.број | ОПИС | Барање од Скопје Север за 2017 година | РКЕ 2017 |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| | **Нормализирани трошоци** | **18.749.278** | **17.935.614** |
| 1 | Трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар | 2.695.909 | 2.730.956 |
| 2 | Трошоци за тековно одржување (до 25% од амортизацијата) | 961.763 | 480.881 |
| 3 | Трошоци за осигурување | 188.777 | 188.777 |
| 4 | Бруто плати | 9.454.530 | 9.454.217 |
| | Број на вработени | 17 | 17 |
| 5 | Менаџерски плати (за еден менаџери) | 804.149 | 804.149 |
| 6 | Други услуги (просечно учество од три години во позиција 1) | 2.988.673 | 2.719.213 |
| 7 | Останати и вонредни трошоци ( до 10% од позициите 1,2,3,4 и 6 ) | 1.628.965 | 1.557.404 |
| | | | |
| 1 | **Вкупно нормализирани трошоци** | **18.749.278** | **17.935.614** |
| | | | |
| 2 | **Амортизација** | **4.808.815** | **1.923.526** |
| | | | |
| 3 | **Пренесени трошоци** | **26.512** | **26.512** |
| | | | |
| **4** | **Трошоци за гориво** | **18.672.563** | **18.431.467** |
| 1 | - мазут | | |
| 2 | - природен гас | 18.672.563 | 18.431.467 |
| | | | |
| **I** | **Вкупно трошоци** | **42.230.656** | **38.317.119** |
| | | | |
| 3 | Трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар | | |
| | | | |
| **III** | **Вкупно трошоци** | **60.903.219** | **56.748.586** |
| | | | |
| **IV** | **МАРЖА** | **7.984.852** | **0** |
| | | | |
| **V** | **Принос на капитал - RA** | **5.167.814** | **0** |
| | **Просечен RAB** | **75.997.261** | |
| | **WACC %** | **6,80%** | **6,73%** |
| | **Маржа** | | |
| **VI** | **Регулиран максимален приход - MAR** | **50.215.510** | **38.317.119** |
| **VII** | **Вкупна количина на произведена топлинска енерги** | **9.562.000** | **9.947.006** |
| **VIII** | **Вкупна испорачана количина на топлинска енергија (kWh)** | **8.334.000** | **8.753.366** |
| | **Просечна цена по kWh** | 6,03 | 4,38 |

**јули 2017 година**

Табела 2

**СКОПЈЕ СЕВЕР АД СКОПЈЕ**

**ОСТВАРЕНИ / ПЛАНИРАНИ КОЛИЧИНИ НА ТЕ И ТРОШОК ЗА НАБАВКА НА ГОРИВО ВО 2017 година**

| | | Остварено | | | | | | Прогноза | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Контролна пресметка за потребна количина на топлинска енергија | | | | | | | | | | |
| Р.бр. | Опис на позицијата | | Јануари | Фебруари | Март | Април | Вкупно јан-апр | Октомври | Ноември | Декември | Вкупно окт-дек | 2017 |
| 1 | Ангажирана моќност на праг на корисник | kW | 7.680 | 7.681 | 7.681 | 7.681 | | 7.681 | 7.681 | 7.681 | | |
| 2 | Надворешна средна месечна температура | $^0C$ | -3,3 | 6,5 | 12,6 | 12,9 | | 12,0 | 7,0 | 3,0 | | |
| 3 | Работни часови на системот | Часови | 540 | 417 | 252 | 147 | 1356 | 255 | 450 | 465 | 1170 | 2526 |
| 4 | Пресметана Т.Е. на праг на корисник | kWh | 2.760.850 | 1.235.434 | 409.244 | 229.047 | 4.634.575 | 447.693 | 1.283.824 | 1.734.809 | 3.466.326 | 8.100.901 |
| 5 | Пресметана Т.Е. на влез во дистрибутивна мрежа | kWh | 3.137.330 | 1.403.902 | 465.050 | 260.281 | 5.266.563 | 508.742 | 1.458.891 | 1.971.374 | 3.939.006 | 9.205.569 |
| | | Остварени / планирани количини на ТЕ и трошок за гориво | | | | | | | | | | |
| 6 | Измерена / планирана ТЕ на влез во дистрибутивна мрежа | kWh | 2.808.000 | 1.668.000 | 1.031.000 | 501.000 | 6.008.000 | 508.742 | 1.458.891 | 1.971.374 | 3.939.006 | 9.947.006 |
| 7 | Потрошена / планирана количина на природен гас | $nm^3$ | 310.792 | 182.631 | 113.216 | 54.275 | 660.914 | 57.397 | 164.595 | 222.415 | 444.408 | 1.105.322 |
| 8 | Долна топлинска моќ на природен гас | kWh / nm3 | 9,4970 | 9,4941 | 9,5170 | 9,5913 | | 9,3300 | 9,3300 | 9,3300 | | |
| 9 | Остварена / планирана цена на природен гас | ден / $nm^3$ | 16,1102 | 15,8692 | 16,0483 | 17,1770 | | 17,5000 | 17,5000 | 17,5000 | | |
| 10 | Трошок за набавка на природен гас | денари | 5.006.921 | 2.898.208 | 1.816.924 | 932.282 | 10.654.335 | 1.004.454 | 2.880.419 | 3.892.259 | 7.777.132 | 18.431.467 |

**јул.17**